# EARN&GO USA™

WISEHUNTERS INTERNATIONAL DOOEL · SKOPJE

# ДОГОВОР ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМАТА

EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · J-1 Exchange Visitor Program

Бр. на договор: / 

Склучен на ден година во Скопје

**Издание за сезона 2027**

## ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ

EARN&GO USA™ и WiseHunters International ДООЕЛ Скопје НЕ СЕ Sponsor организација назначена од Стејт департментот на САД. Целокупната администрација на J-1 програмата, издавањето на DS-2019, SEVIS регистрацијата и одобрувањето на програмата ги вршат исклучиво овластени американски Sponsor организации назначени во рамки на BridgeUSA Exchange Visitor Program.

WiseHunters International ДООЕЛ · ул. Петар Поп Арсов 14, Скопје · contact@wisehunters.mk · +389 76 226 655

ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОГРАМАТА EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL

склучен на ден _______________ година во Скопје, помеѓу:

Друштво за консалтинг и услуги ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје (WiseHunters International), со седиште на ул. Борка Талевски бр. 35/1-1, Скопје – Центар, ЕМБС: 7816456, ЕДБ: 4080024627878, носител на приватна агенција за вработување „ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ“ Скопје со седиште на ул. Петар Поп Арсов бр. 14, Скопје, основана со Решение бр. 12-842/3 од 12.03.2025 година на Министерството за економија и труд на Република Северна Македонија, застапувано од Директор Маргарита Бакев, во понатамошниот текст: „Агенција“ и

Име и презиме: _______________

ЕМБГ: _______________ Број на пасош: _______________

Адреса: _______________

Телефон: _______________ Е-пошта: _______________

во понатамошниот текст: „Учесник“. Агенцијата и Учесникот понатаму заеднички ќе се именуваат како „Договорни страни“.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности на Договорните страни во врска со учеството на Учесникот во програмата EARN&GO USA – Summer Work & Travel, која се реализира преку овластен американски Sponsor во рамки на J-1 Exchange Visitor Program на Соединетите Американски Држави. Агенцијата се обврзува да обезбеди услуги на посредување, координација, административна поддршка и подготовка на Учесникот за учество во програмата. Учесникот се обврзува да ги исполни сите услови, обврски и финансиски задолженија утврдени со овој договор и неговите анекси.

## 2. ДЕФИНИЦИИ

„Програма“ — Summer Work & Travel USA програма реализирана во рамки на J-1 Exchange Visitor Program.

„Sponsor“ — американска организација овластена од Department of State на САД за администрирање на J-1 програмата.

„Работодавач“ — американска компанија која обезбедува работна понуда за Учесникот.

„DS-2019“ — официјален документ издаден од Sponsor, потребен за аплицирање за J-1 виза.

„SEVIS“ — Student and Exchange Visitor Information System, преку кој се следи статусот на учесникот во програмата.

„J-1 Виза“ — американска неимигрантска виза издадена за учество во Exchange Visitor Program.

„Grace Period“ — период по завршување на програмата во кој учесникот може да патува низ САД согласно правилата на програмата.

„Програмска цена“ — надоместокот што Учесникот го плаќа за услугите наведени во договорот.

## 3. СТАТУС НА АГЕНЦИЈАТА

Учесникот потврдува дека е целосно информиран и разбира дека Агенцијата:

- ✗ не е американски работодавач;
- ✗ не е Sponsor организација;
- ✗ не издава DS-2019 документи;
- ✗ не издава визи;
- ✗ не е дел од Амбасадата на САД;
- ✗ не е државен орган на САД.

Агенцијата настапува исклучиво како:

- ✓ локален претставник на програмата;
- ✓ посредник помеѓу кандидатот и Sponsor организацијата;
- ✓ координатор на процесот;
- ✓ давател на административна и советодавна поддршка.

Учесникот потврдува дека конечните одлуки поврзани со: прифаќање во програмата, издавање на DS-2019, одобрување на работна понуда, издавање на J-1 виза и учество во програмата — ги носат исклучиво Sponsor организацијата, работодавачот и надлежните институции на САД.

## 4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Учесникот изјавува и гарантира дека:

1. е редовен студент на акредитирана високообразовна институција; 2. има навршени најмалку 18 години; 3. поседува важечки пасош; 4. има доволно познавање на англиски јазик за комуникација во работна средина; 5. е способен самостојно да живее и работи во меѓународна средина; 6. нема законски пречки за патување во САД; 7. ќе ги почитува правилата на програмата. 8. е запишан и со редовен студентски статус и ќе се врати на студиите на истата институција по завршување на програмата; 9. ќе учествува исклучиво во рамките на официјалниот распуст на својата високообразовна институција, потврден со академскиот календар на институцијата.

## 5. ИЗЈАВА ЗА ТОЧНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

Учесникот потврдува дека сите доставени документи, уверенија, студентски потврди, препораки, сертификати и лични податоци се точни, вистинити и валидни. Доколку во било која фаза се утврди дека Учесникот доставил лажни, неточни или фалсификувани документи, Агенцијата има право веднаш да го прекине процесот без обврска за враќање на веќе направените трошоци.

## 6. УСЛУГИ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата се обврзува на Учесникот да му обезбеди административна, организациска и советодавна поддршка во текот на процесот на аплицирање

за програмата. Во рамки на услугите, Агенцијата обезбедува:

6.1 Регистрација и обработка на апликација

прием на апликација; проверка на исполнетост на условите; проверка на документација; отворање на кандидатско досие.

6.2 Подготовка на документи

проверка на пасош; проверка на студентски статус; проверка на дополнителна документација; подготовка на програмски формулари.

6.3 Подготовка за интервју

советување за интервју со работодавач; советување за интервју со Sponsor; подготовка за интервју во Амбасада на САД.

6.4 Координација со Sponsor

доставување на документација; комуникација со Sponsor;

следење на статусот на апликацијата.

6.5 Пред-поаѓачка ориентација

информации за живот во САД; работни обврски; културна адаптација; безбедносни насоки; програмски правила.

6.6 Поддршка пред заминување

насоки за патување; насоки за сместување; насоки за SSN; насоки за отворање банкарска сметка; eSIM за САД и упатство за активација; контакти за итни случаи.

## 7. ОБВРСКИ НА УЧЕСНИКОТ

7.1 Навремено да ги достави сите потребни документи и информации побарани од Агенцијата, Sponsor организацијата и Работодавачот.

7.2 Да ги почитува сите рокови утврдени од Агенцијата, Sponsor организацијата и Амбасадата на САД.

7.3 Редовно да ја следи својата електронска пошта и комуникацијата преку телефон, WhatsApp, Viber и е-пошта.

7.4 Да присуствува на сите закажани интервјуа.

7.5 Да ги почитува правилата на програмата, работодавачот и Sponsor организацијата.

7.6 Да не презема активности кои можат да предизвикаат штета на Агенцијата, Sponsor организацијата, Работодавачот или Програмата.

## 8. ИНТЕРВЈУ И ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА

Учесникот е запознаен дека учеството во интервју не претставува гаранција за: добивање работна понуда, издавање DS-2019, добивање виза, ниту учество во програмата. Учесникот е должен да се појави навремено, да биде соодветно подготвен и да комуницира професионално и вистинито. Во случај на неоправдано непојавување на интервју, Агенцијата има право да го прекине процесот.

## 9. SPONSOR ОРГАНИЗАЦИЈА И DS-2019 ДОКУМЕНТ

Учесникот е запознаен дека Sponsor организацијата е единствено надлежна за: одобрување на кандидатот, издавање на DS-2019, следење на програмскиот статус и надзор на учеството во програмата. Учесникот потврдува дека Агенцијата нема овластување да влијае врз одлуките на Sponsor организацијата. Доколку Sponsor организацијата ја одбие апликацијата на Учесникот поради: неисполнување услови, недоволно познавање англиски јазик, нецелосна документација, несоодветно интервју или други причини утврдени од Sponsor — Агенцијата нема одговорност за таквата одлука.

## 10. ВИЗНА ПОСТАПКА

10.1 Одлуката за издавање или одбивање на J-1 виза ја носи исклучиво Конзуларниот службеник на Амбасадата на Соединетите Американски

Држави.

10.2 Агенцијата не гарантира: добивање термин, добивање виза, позитивна визна одлука, ниту времетраење на обработката.

10.3 Во случај на визно одбивање, Агенцијата не е одговорна за финансиски трошоци, изгубена заработка, изгубени можности или дополнителни

трошоци на Учесникот.

10.4 Учесникот е должен лично да присуствува на интервјуто во Амбасадата на САД и да даде вистинити информации.

10.5 Секој обид за давање лажни или неточни информации може да резултира со одбивање на виза, прекин на процесот и исклучување од

програмата.

## 11. ПРОГРАМСКА ЦЕНА

Учесникот се обврзува да ја плати програмската цена согласно избраниот пакет и важечкиот ценовник на EARN&GO USA.

Вкупната програмска цена изнесува: USD __________ или USD __________ согласно потпишаниот Анекс А – Програмски пакет и ценовник.

Во програмската цена може да бидат вклучени: административни услуги, обработка на апликација, интервју подготовка, поддршка за DS-2019 постапка, координација со Sponsor, пред-поаѓачка ориентација и програмска поддршка.

Во програмската цена НЕ се вклучени, освен ако поинаку не е наведено во Анекс А:

- ✗ SEVIS такса;
- ✗ визна такса;
- ✗ авионски билет;
- ✗ дополнителен багаж;
- ✗ депозит за сместување;
- ✗ локален превоз;
- ✗ лични трошоци;
- ✗ трошоци за пасош;
- ✗ трошоци за превод или заверка на документи.

## 12. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Учесникот може да плаќа: ☐ еднократно ☐ на рати

Доколку плаќањето е на рати, истото се врши согласно следниот распоред:

Рата 1 — При регистрација: USD

Рата 2 — По добивање работна понуда: USD

Рата 3 — По издавање на DS-2019: USD

Рата 4 — По одобрена виза: USD

Непочитување на роковите за плаќање може да резултира со: прекин на процесот, суспензија на апликацијата или откажување на учеството. Учесникот изречно се согласува дека нема да иницира неосновани поништувања на платежни трансакции (chargeback) кон банка или издавач на платежна картичка за услуги кои се веќе извршени или за средства кои се веќе пренесени кон Sponsor организацијата или трети лица. Секое неосновано chargeback барање се смета за повреда на овој договор и Агенцијата има право на надомест на целокупната штета и трошоци настанати од истото. / The Participant expressly waives the right to initiate unjustified payment chargebacks after services have been rendered or funds have been transferred to the Sponsor organization or third parties.

## 13. НЕПОВРАТНИ ТРОШОЦИ

Учесникот е запознаен дека одредени трошоци се реализираат веднаш по нивното настанување и не можат да бидат вратени. Како неповратни се

сметаат:

административна обработка; интервју трошоци; плаќања кон Sponsor; SEVIS такса; DS-2019 такси; трошоци за трансфер на средства; визни такси;

осигурување доколку е веќе издадено; трошоци кон трети страни. Неповратните трошоци се детално наведени во Анекс Б.

## 14. ОТКАЖУВАЊЕ ОД СТРАНА НА УЧЕСНИКОТ

Учесникот има право доброволно да се откаже од програмата во секое време. Откажувањето мора да биде доставено во писмена форма преку:

електронска пошта, потпишано барање или препорачана пошта. За датум на откажување се смета денот на прием на писменото известување.

## 15. ПОЛИТИКА НА РЕФУНДАЦИЈА

Во случај на доброволно откажување од страна на Учесникот, рефундацијата се врши по фази:

Фаза 1 — Пред интервју со работодавач: се задржува регистрациската такса и реализираните административни трошоци; останатиот износ може да се врати. Фаза 2 — По успешно интервју и добиена работна понуда: се задржуваат административните трошоци, трошоците за селекција и трошоците кон Sponsor. Фаза 3 — По издавање на DS-2019: се задржуваат сите трошоци кон Sponsor, DS-2019 трошоците, SEVIS таксата и административните трошоци. Фаза 4 — По добивање на J-1 виза: Учесникот нема право на рефундација на веќе реализирани програмски трошоци. Фаза 5 — По купен авионски билет или по заминување: нема право на рефундација. Деталните услови се утврдени во Анекс Б – Политика за рефундација, кој има предност во случај на разлики.

## 16. ОДБИВАЊЕ ОД СТРАНА НА SPONSOR

Доколку Sponsor организацијата ја одбие апликацијата на Учесникот поради: недоволно познавање англиски јазик, неисполнување услови, неуспешно интервју, неподобност за програмата, дисциплински причини или лажни информации — Агенцијата нема обврска за враќање на веќе реализираните трошоци. Доколку постои неискористен дел од средствата кој не е уплатен кон Sponsor или трети лица, истиот може да биде вратен согласно Анекс Б.

## 17. ВИЗНО ОДБИВАЊЕ

Доколку Амбасадата на САД ја одбие апликацијата за J-1 виза, Рата 4 (плаќањето по одобрена виза) не се наплаќа. Од веќе уплатените Рати 1–3, Агенцијата задржува административен износ од USD 500, односно износот што при визно одбивање

го задржува Sponsor организацијата доколку тој е повисок од USD 500. Износот што го задржува Sponsor организацијата за секоја програма е наведен во Прилогот кон Анекс Б, кој Учесникот го потпишува пред уплата на Рата 1. Таксите на американските власти платени директно — визната такса DS-160 и SEVIS таксата — по својата природа не се враќаат, бидејќи се уплатени кон надлежните органи на САД. Целиот преостанат износ му се враќа на Учесникот во рок од 30 дена од доставување на доказ за одбиената виза. Учесникот е должен писмено да ја извести Агенцијата за одбивањето во рок од 48 часа од визното интервју; при непочитување на овој рок се применува повисокиот износ на задржување што Sponsor организацијата го наплатува во таков случај.

## 18. ОТКАЖУВАЊЕ ИЛИ ПРОМЕНИ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧОТ

Учесникот разбира дека работодавачот може да: измени работен распоред, работни часови, смена, работни задачи, или да повлече работна понуда во исклучителни околности. Во таков случај Агенцијата и Sponsor организацијата ќе вложат разумни напори за пронаоѓање алтернативно решение, но не гарантираат нова работна позиција во идентични услови.

## 19. ОБВРСКИ НА УЧЕСНИКОТ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕСТОЈОТ ВО САД

19.1 Да ги почитува сите закони на Соединетите Американски Држави.

19.2 Да ги почитува правилата на Sponsor организацијата, работодавачот, сместувачкиот објект и локалните власти.

19.3 Да извршува работни задачи совесно, професионално и одговорно.

19.4 Да се однесува на начин што нема да го наруши угледот на EARN&GO USA, WiseHunters International, Sponsor организацијата, работодавачот и

Република Северна Македонија.

19.5 Да не учествува во: нелегални активности, физичко насилство, вербално насилство, дискриминација, вознемирување или оштетување на имот.

## 20. ЗАБРАНЕТИ АКТИВНОСТИ

За време на програмата строго е забрането:

- ✗ поседување, користење или дистрибуција на недозволени наркотични средства;
- ✗ кривични дела од било каков вид;
- ✗ употреба на лажни документи или лажно претставување;
- ✗ работење надвор од условите дозволени со J-1 програмата без претходно одобрение од Sponsor организацијата;
- ✗ секое однесување што може да доведе до губење на J-1 статусот.

## 21. ОБВРСКА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО SPONSOR

21.1 По пристигнување во САД навремено да се регистрира кај Sponsor организацијата.

21.2 Навремено да ја пријави адресата на живеење.

21.3 Да ги ажурира сите промени на: адреса, телефон, е-пошта и работна локација.

21.4 Да одговори на барањата на Sponsor организацијата во разумен рок.

## 22. ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА И ОСИГУРУВАЊЕ

22.1 Учесникот потврдува дека е способен за самостојно патување и престој во странство.

22.2 Не крие здравствени информации кои би можеле да влијаат врз неговото учество во програмата.

22.3 Ќе ги почитува правилата на здравственото осигурување обезбедено преку програмата.

22.4 Самиот ги сноси трошоците кои не се покриени од осигурителната полиса.

22.5 Здравственото осигурување што го бара програмата BridgeUSA, во согласност со барањата на Стејт департментот на САД (22 CFR 62.14), е вклучено во програмската цена наведена во Анекс А, за целото времетраење на програмата наведено во формуларот DS-2019. Осигурувањето го обезбедува Sponsor организацијата.

22.6 Учесникот е должен да ги пријави сите претходно постоечки здравствени состојби при аплицирањето, вклучително и состојби во мирување или ремисија. Непријавувањето може да доведе до исклучување од програмата, при што трошоците од предвременото враќање ги сноси Учесникот.

22.7 Продолжување на осигурителното покритие надвор од датумите наведени во формуларот DS-2019 не е вклучено во програмската цена и се плаќа посебно.

## 23. ПРЕКИН НА УЧЕСТВОТО ВО ПРОГРАМАТА

Учеството на Учесникот може да биде прекинато од страна на Sponsor организацијата, работодавачот или надлежните американски институции во

случај на:

прекршување на закон; прекршување на правилата на програмата; давање лажни информации; користење недозволени супстанци; насилничко однесување; неоправдано напуштање на работното место; губење на J-1 статусот; непочитување на барањата на Sponsor организацијата. Во таков случај сите дополнителни трошоци ги сноси Учесникот.

## 24. ПРЕДВРЕМЕНО НАПУШТАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Доколку Учесникот доброволно ја напушти програмата пред нејзиното завршување: нема право на враќање на платените програмски средства; самостојно ги сноси трошоците за враќање во матичната држава; е должен навремено да ја извести Sponsor организацијата.

## 25. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ

Учесникот потврдува дека учествува во програмата доброволно и на сопствен ризик. Агенцијата не одговара за:

одлуки на Амбасадата на САД; одлуки на Sponsor организацијата; одлуки на работодавачот; отказ од работен однос; намалување на работни часови; висина на заработка; бакшиш; услови на пазарот на труд; лични финансиски загуби; здравствени проблеми; несреќи; повреди; кражби; губење на лични предмети; проблеми со сместување обезбедено од трети лица; откажани или одложени летови. Сместување — изјава за одговорност: Условите на сместувањето, цимерите, депозитите, куќниот ред и правилата на живеење ги определува работодавачот или давателот на сместување во САД и истите се надвор од контролата на Агенцијата. Агенцијата не одговара за квалитетот, достапноста, цената или условите на сместувањето. / Accommodation conditions, roommates, deposits and housing rules are determined by the employer or the housing provider and are outside the control of the Agency.

## 26. ВИША СИЛА

Ниту една од Договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските предизвикано од настани кои не можеле разумно да се предвидат или спречат. Како виша сила се сметаат: природни катастрофи, земјотреси, поплави, пожари, пандемии, епидемии, воени дејствија, терористички напади, штрајкови, затворање граници, промени во американската имиграциска политика и одлуки на државни органи. Во такви случаи Агенцијата нема обврска за надомест на штета или изгубена добивка.

## 27. ОБЕШТЕТУВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Учесникот се согласува дека ќе ја обештети Агенцијата за секоја штета, трошок или побарување предизвикано како резултат на: доставување лажни информации, прекршување на овој договор, прекршување на правилата на Sponsor организацијата или незаконски активности на Учесникот.

## 28. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Учесникот изјавува дека е запознаен и согласен неговите лични податоци да бидат собирани, обработувани, складирани и пренесувани од страна на Агенцијата исклучиво за потребите на програмата. Личните податоци можат да бидат доставени до: Sponsor организацијата, американскиот работодавач, Амбасадата на САД, осигурителни компании, државни институции и даватели на услуги неопходни за реализација на програмата.

Под лични податоци се подразбираат: име и презиме, датум на раѓање, адреса, телефонски број, е-пошта, број на пасош, образовни документи, работно искуство, фотографии, видео материјали и други документи потребни за учество во

програмата. Агенцијата се обврзува да ги обработува личните податоци согласно важечките прописи за заштита на лични податоци. Деталните услови се утврдени во Анекс Г.

## 29. СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ФОТОГРАФИИ И ВИДЕО МАТЕРИЈАЛИ

Учесникот дава согласност Агенцијата да може да користи фотографии, видео материјали, сведоштва и изјави создадени за време на учеството во програмата за: промотивни активности, маркетинг кампањи, веб-страница, социјални мрежи, печатени материјали и медиумски настапи. Учесникот нема право на финансиски надомест за користење на ваквите материјали.

Изјава на Учесникот (се означува едно поле):

- ☐ **СЕ СОГЛАСУВАМ**
- ☐ **НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ**

## 30. ДОВЕРЛИВОСТ

Учесникот се обврзува дека нема без претходна писмена согласност од Агенцијата да објавува или споделува: доверливи информации, ценовници, интерни процедури, договори, документација, информации за Sponsor организации и информации за работодавачи. Оваа обврска останува во сила и по завршување на програмата.

## 31. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Договорните страни ќе се обидат сите евентуални недоразбирања да ги решат по пат на преговори и меѓусебно разбирање. Доколку не е можно спорот да се реши по мирен пат, надлежен за решавање на спорот е Основниот граѓански суд Скопје. This Agreement shall be governed by and construed in accordance with the laws of the Republic of North Macedonia. Any dispute arising out of or in connection with this Agreement shall be subject to the exclusive jurisdiction of the Basic Civil Court in Skopje, Republic of North Macedonia. За сите прашања кои не се уредени со овој договор ќе се применуваат позитивните прописи на Република Северна Македонија.

## 32. КОМУНИКАЦИЈА, ИЗВЕСТУВАЊА И ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА

Секоја комуникација поврзана со програмата може да се врши преку: електронска пошта, WhatsApp, Viber, телефон и писмена кореспонденција. Учесникот изречно се согласува дека: e-mail пораки, WhatsApp и Viber комуникација, електронски документи и електронски потврди се сметаат за валиден и правно обврзувачки облик на комуникација помеѓу Договорните страни. Електронски потпис, дигитално потпишани документи и скенирани копии од овој договор и неговите анекси имаат иста правна сила и дејство како оригинални своерачни потписи. Договорот може да се потпише во повеќе примероци, вклучително и по електронски пат. / Electronic signatures and scanned copies of this Agreement shall have the same legal effect as original handwritten signatures. This Agreement may be executed in counterparts, including by electronic means. Испратена порака на последно доставените контакти на Учесникот се смета за уредно доставена. Учесникот е должен секоја промена на контакт- податоците веднаш писмено да ја пријави кај Агенцијата.

## 33. ПРИФАЌАЊЕ НА РИЗИК

Учесникот потврдува дека е свесен дека меѓународната мобилност и работа во странство подразбираат одредени ризици, вклучувајќи: културни разлики, различни работни практики, финансиски ризици, здравствени ризици и ризици поврзани со патување. Учесникот доброволно ги прифаќа овие ризици и учествува во програмата по сопствен избор. Деталните услови се утврдени во Анекс Ѓ.

## 34. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ДОГОВОРОТ

Следните документи претставуваат составен и неразделен дел од овој договор:

Анекс А — Програмски пакет и ценовник Анекс Б — Политика за рефундација Анекс В — Кодекс на однесување Анекс Г — Изјава за обработка на лични податоци Анекс Д — Медицинска изјава Анекс Ѓ — Изјава за ризици Анекс Е — Пред-поаѓачка контролна листа Анекс Ж — Потврда за разбирање на програмата

## 35. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Со потпишувањето на овој договор Учесникот потврдува дека: го прочитал договорот во целост; ги разбрал сите права и обврски; имал можност да поставува прашања; доброволно го потпишува договорот; ги прифаќа сите услови наведени во договорот и анексите. Овој договор е составен во два идентични примероци, од кои секоја договорна страна задржува по еден примерок.

ИЗЈАВА ПРЕД ПОТПИС

Потписникот потврдува дека:

- ✓ го прочитал договорот во целост
- ✓ ги разбира сите одредби
- ✓ имал можност да поставува прашања
- ✓ доброволно го потпишува договорот
- ✓ не бил доведен во заблуда
- ✓ ги прифаќа сите обврски наведени во договорот

**ЗА АГЕНЦИЈАТА**

ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™

Маргарита Бакев, Директор

Датум: М.П.

**ЗА УЧЕСНИКОТ**

(име, презиме и потпис)

Датум:

СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛ / СТАРАТЕЛ (се пополнува за кандидати под 21 година)

Јас,

како родител/старател на:

изјавувам дека сум запознаен/а со условите на програмата EARN&GO USA – Summer Work & Travel и давам согласност за учество.

Потпис: Датум:

# АНЕКС А

ПРОГРАМСКИ ПАКЕТИ, ЦЕНОВНИК И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата.

## 1. ИЗБРАН ПРОГРАМСКИ ПАКЕТ

Учесникот го избира следниот пакет:

☐ **SWT CLASSIC**

☐ **SWT HORIZON**

☐ **SWT INFINITY**

Како се однесуваат трите пакети еден кон друг:

Сите три пакети ја содржат истата основна услуга на EARN&GO USA: подготовка, посредување, координација со Sponsor организацијата, поддршка при DS-2019, визна подготовка, eSIM за САД, организиран превоз до аеродромот во Северна Македонија, трансферот од аеродромот во САД, насоки за Social Security Number и за отворање банкарска сметка, обезбедено сместување пред заминување и поднесување на дополнителна работна позиција (втора работа) до Sponsor организацијата за одобрување. SWT CLASSIC се разликува од SWT HORIZON само во едно: кај SWT CLASSIC Учесникот сам го организира и купува својот меѓународен авионски билет. Сите останати услуги, вклучително и организираниот превоз до аеродромот во Северна Македонија, се идентични кај двата пакета. SWT CLASSIC не е намалена услуга — тоа е истата услуга без билетот. SWT INFINITY дополнително вклучува индивидуален програмски советник, приоритетна обработка на документацијата и приоритетна комуникација, индивидуална визна подготовка и подготовка за интервју, дополнителна работна позиција (втора работа) обезбедена пред заминување наместо само поднесена, и визната такса DS-160 вклучена во цената.

## 2. SWT CLASSIC

Вкупна цена: USD 2,490 (или противвредност во EUR по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата)

Во пакетот се вклучени:

- ✓ регистрација и отворање кандидатско досие
- ✓ обработка на апликација
- ✓ подготовка и проверка на документација
- ✓ подготовка на CV
- ✓ интервју подготовка
- ✓ работна понуда од одобрен американски работодавач
- ✓ координација со Sponsor организација
- ✓ поддршка при издавање на DS-2019
- ✓ пред-поаѓачка ориентација
- ✓ визна подготовка
- ✓ административна поддршка до заминување
- ✓ насоки за патување и пристигнување
- ✓ Sponsor програмска такса — вклучена во цената
- ✓ SEVIS такса (USD 35) — вклучена
- ✓ здравствено осигурување за целото времетраење на програмата наведено во DS-2019, согласно 22 CFR 62.14 — вклучено во цената
- ✓ eSIM за САД — обезбедена пред заминување, со упатство за активација
- ✓ организиран превоз до аеродромот во Северна Македонија
- ✓ трансфер по пристигнување во САД од аеродромот до местото на сместување
- ✓ обезбедено сместување кај работодавачот или преку Sponsor организацијата пред заминување
- ✓ насоки за добивање Social Security Number (SSN)
- ✓ насоки за отворање банкарска сметка во САД

- ✓ идентификување соодветни дополнителни работни позиции (втора работа) и нивно поднесување до Sponsor организацијата за одобрување пред заминување
- ✓ поддршка по пристигнување во САД — EARN&GO USA 07:00–20:00 часот по средноевропско време, седум дена во неделата, со одговор во рок од 24 часа; Sponsor организацијата одржува сопствена 24/7 линија за итни случаи

Не се вклучени:

- ✗ меѓународен авионски билет — го организира и купува Учесникот
- ✗ визна такса DS-160 (USD 185)
- ✗ Visa Integrity Fee (моментално USD 250 — види точка 5)
- ✗ депозит за сместување
- ✗ локален транспорт
- ✗ лични трошоци

### 3. SWT HORIZON

Вкупна цена: USD 3,390 (или противвредност во EUR по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата)

Во пакетот се вклучени:

- ✓ сите услуги од SWT CLASSIC
- ✓ eSIM за САД — обезбедена пред заминување, со упатство за активација
- ✓ авионски билет (економска класа)
- ✓ организиран превоз до аеродром во Северна Македонија
- ✓ персонализирана подготовка за интервју
- ✓ дополнителна подготовка за живот и работа во САД
- ✓ приоритетна комуникација со EARN&GO USA тимот

Не се вклучени:

- ✗ визна такса DS-160 (USD 185)
- ✗ Visa Integrity Fee (моментално USD 250 — види точка 5)
- ✗ депозит за сместување
- ✗ лични трошоци
- ✗ дополнителен багаж над дозволениот лимит

### 4. SWT INFINITY

Вкупна цена: USD 3,890 (или противвредност во EUR по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата)

Во пакетот се вклучени сите услуги поврзани со учеството во програмата, освен лични трошоци на Учесникот:

- ✓ сите услуги од SWT HORIZON
- ✓ eSIM за САД — обезбедена пред заминување, со упатство за активација
- ✓ визна такса DS-160 (USD 185) — вклучена
- ✓ индивидуален програмски советник
- ✓ индивидуална визна подготовка
- ✓ индивидуална подготовка за интервју
- ✓ приоритетна обработка на документацијата
- ✓ приоритетна комуникација
- ✓ VIP поддршка за време на целиот процес
- ✓ обезбедена дополнителна работна можност (втора работа) пред заминување, согласно достапноста и условите на работодавачите и Sponsor организацијата
- ✓ дополнителни ориентациски сесии
- ✓ персонализиран план за максимизирање на заработката и патувањата во САД

Не се вклучени:

- ✗ Visa Integrity Fee (моментално USD 250 — види точка 5)
- ✗ лични трошоци
- ✗ туристички патувања
- ✗ дополнителен багаж над дозволениот лимит
- ✗ казни, прекршоци или трошоци предизвикани од Учесникот
- ✗ трошоци кои не се директно поврзани со програмата

### 5. ИНДИКАТИВЕН ВКУПЕН ТРОШОК НА УЧЕСТВОТО

Цената на пакетот не е вкупниот трошок на Учесникот. Подолу, за секој пакет, е наведена цената на пакетот заедно со официјалните такси на САД што Учесникот ги плаќа посебно, за вкупниот трошок да биде познат пред потпишување. SWT CLASSIC — пакет USD 2,490 + визна такса DS-160 USD 185 + Visa Integrity Fee USD 250 = приближно USD 2,925, плус сопствен меѓународен авионски билет на Учесникот (индикативно USD 700–1,000). SWT HORIZON — пакет USD 3,390 (меѓународен авионски билет вклучен до USD 900) + визна такса DS-160 USD 185 + Visa Integrity Fee USD 250 = приближно USD 3,825. SWT INFINITY — пакет USD 3,890 (меѓународен авионски билет и визна такса DS-160 вклучени) + Visa Integrity Fee USD 250 = приближно USD 4,140. Ниту еден од горенаведените износи не го вклучува депозитот за сместување, киријата, трошоците за живот пред првата плата, локалниот транспорт, дополнителниот багаж и личните трошоци, кои ги сноси Учесникот. Визната такса DS-160 (моментално USD 185) ја плаќа Учесникот директно кон Амбасадата на САД при поднесување на визната апликација и не се рефундира доколку визата биде одбиена. Кај SWT INFINITY пакетот оваа такса е вклучена во цената на пакетот. Visa Integrity Fee е такса на Владата на САД воведена со Законот од 4 јули 2025 година и се применува на визи издадени од 1 октомври 2025 година наваму. Моментално изнесува USD 250 и подлежи на годишно усогласување со инфлацијата; се применува износот што важи на денот на издавање на визата. Таксата се наплаќа при издавање на визата, а не при аплицирање — Учесник чија виза е одбиена не ја плаќа. Ја плаќа Учесникот лично и не е вклучена во ниту еден пакет. Агенцијата ги потврдува износите на сите официјални такси на САД што важат на денот на потпишување. Наведените износи се индикативни и одговараат на таксите што важеле на денот на издавање на овој Анекс.

### 6. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Вкупната цена на избраниот пакет се плаќа во четири рати, чија сума е еднаква на вкупната цена на пакетот: SWT CLASSIC USD 2,490 · SWT HORIZON USD 3,390 ·

SWT INFINITY USD 3,890. Учесникот се обврзува плаќањето да го изврши согласно следниот распоред:

### РАТА 1 – СО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Износ: SWT CLASSIC: USD 400 · SWT HORIZON: USD 400 · SWT INFINITY: USD 400 Рок: Во рок од 3 работни дена од потпишување на договорот.

### РАТА 2 – ПО ДОБИВАЊЕ РАБОТНА ПОНУДА (JOB OFFER)

Износ: SWT CLASSIC: USD 1,250 · SWT HORIZON: USD 1,700 · SWT INFINITY: USD 1,900 Рок: Во рок од 5 работни дена од добивање на работна понуда.

### РАТА 3 – ПО ИЗДАВАЊЕ НА DS-2019

Износ: SWT CLASSIC: USD 440 · SWT HORIZON: USD 800 · SWT INFINITY: USD 1,000 Рок: ВЕДНАШ, во рок од 3 работни дена од издавање на DS-2019.

### РАТА 4 – ПО ОДОБРЕНА ВИЗА

Износ: SWT CLASSIC: USD 400 · SWT HORIZON: USD 490 · SWT INFINITY: USD 590 Рок: Во рок од 5 работни дена од одобрување на визата. Напомена: Во случај на одбиена виза, Рата 4 не се наплаќа. Повратот на средствата од Рати 1–3 се врши согласно Анекс Б (Политика за рефундација и откажување). Рата 1 и Рата 2 ги покриваат достасаните програмски обврски на Агенцијата кон Sponsor организацијата по добиена работна понуда. Авионскиот билет (кај пакетите SWT HORIZON и SWT INFINITY) важи до износ од USD 900 (економска класа); секоја разлика над USD 900 ја доплаќа Учесникот. Билетот се купува по уплата на ратата што го покрива и дури откако визата J-1 е одобрена. Билетот не се резервира ниту купува пред одобрена виза под никакви услови, ниту на барање на Учесникот. Кај пакетот SWT CLASSIC билетот го купува Учесникот лично и е должен да ги достави податоците за летот до Агенцијата пред заминување, за да може да се организира трансферот по пристигнување во САД. Visa Integrity Fee е државна такса на САД и ја плаќа Учесникот лично при издавање

на визата — не е вклучена во ниту еден пакет. Види точка 5. Визната такса DS-160 (USD 185) се плаќа лично кон Амбасадата на САД, освен кај SWT INFINITY пакетот каде е вклучена во цената.

## 7. ДОЦНЕЊЕ СО ПЛАЌАЊЕ

Доколку Учесникот доцни со плаќање повеќе од 7 календарски дена, Агенцијата има право:

- ✓ да ја суспендира апликацијата
- ✓ да ја стопира комуникацијата со Sponsor организацијата
- ✓ да ја одложи обработката на документацијата
- ✓ да го откаже учеството во програмата

Сите евентуални последици од доцнењето ги сноси Учесникот.

## 8. НАЧИН НА УПЛАТА

Сите уплати се вршат на: WISEHUNTERS INTERNATIONAL ДООЕЛ

Банка:

Трансакциска сметка:

Назнака: EARN&GO USA – Име и Презиме на Учесник

## 9. ИЗЈАВА НА УЧЕСНИКОТ

Со потпишување на овој Анекс, Учесникот потврдува дека:

- ✓ е целосно запознаен со избраниот пакет
- ✓ ги разбира сите услуги кои се вклучени и не се вклучени
- ✓ ги прифаќа условите за плаќање
- ✓ ги прифаќа роковите за плаќање
- ✓ ги разбира финансиските обврски кои произлегуваат од договорот

**ЗА АГЕНЦИЈАТА**

ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™

Маргарита Бакев, Директор

Датум: М.П.

**ЗА УЧЕСНИКОТ**

(име, презиме и потпис)

Датум:

# АНЕКС Б

ПОЛИТИКА ЗА РЕФУНДАЦИЈА И ОТКАЖУВАЊЕ EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата.

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Учесникот е запознаен дека во текот на процесот на аплицирање и подготовка за програмата, Агенцијата, Sponsor организацијата и други трети лица реализираат трошоци кои не можат да бидат вратени. Рефундација може да се изврши само за средства кои не се потрошени, не се префрлени на трети лица и не претставуваат веќе реализирани услуги.

## 2. РЕГИСТРАЦИСКА ТАКСА

Регистрациската такса претставува надомест за: отворање кандидатско досие, административна обработка, проверка на документи, првична евалуација и кандидатска регистрација. Регистрациската такса е неповратна во сите случаи.

## 3. ДОБРОВОЛНО ОТКАЖУВАЊЕ ОД СТРАНА НА УЧЕСНИКОТ

### ФАЗА 1 — Пред интервју со работодавач

Се задржуваат: регистрациска такса и административни трошоци. Се враќа: остатокот од уплатените средства.

### ФАЗА 2 — По интервју и пред добивање работна понуда

Се задржуваат: регистрациска такса, административни трошоци и трошоци за интервју и селекција. Се враќа: неискористениот дел од средствата.

### ФАЗА 3 — По добивање работна понуда

Се задржуваат: регистрациска такса, административни трошоци, трошоци кон Sponsor организација и трошоци за селекција. Се враќа: неискористениот дел од средствата.

### ФАЗА 4 — По издавање на DS-2019

Не се враќаат: Sponsor такси, DS-2019 такси, административни трошоци и сите веќе реализирани трошоци. Можно е враќање само на средства кои не се искористени и не се префрлени на трети лица.

### ФАЗА 5 — По закажано интервју во Амбасада на САД

Не се враќаат: визни такси, Sponsor такси, DS-2019 трошоци и административни трошоци.

### ФАЗА 6 — По добиена J-1 виза

По добивање на J-1 виза нема право на рефундација на програмските средства.

### ФАЗА 7 — По купен авионски билет

Нема право на враќање на веќе реализираните трошоци. Евентуално враќање на средства зависи исклучиво од условите на авиокомпанијата.

### ФАЗА 8 — По заминување во САД

По пристигнување во САД и активирање на програмата нема право на рефундација.

## 4. ВИЗНО ОДБИВАЊЕ

Доколку Амбасадата на САД ја одбие апликацијата за J-1 виза, Рата 4 (плаќањето по одобрена виза) не се наплаќа. Од веќе уплатените Рати 1–3, Агенцијата задржува административен износ од USD 500, односно износот што при визно одбивање го задржува Sponsor организацијата доколку тој е повисок од USD 500. Износот што го задржува Sponsor организацијата за секоја програма е наведен во Прилогот кон Анекс Б, кој Учесникот го потпишува пред уплата на Рата 1. Таксите на американските власти платени директно — визната такса DS-160 и SEVIS таксата — по својата природа не се враќаат, бидејќи се уплатени кон надлежните органи на САД. Целиот преостанат износ му се враќа на Учесникот во рок од 30 дена од доставување на доказ за одбиената виза. Учесникот е должен писмено да ја извести Агенцијата за одбивањето во рок

од 48 часа од визното интервју; при непочитување на овој рок се применува повисокиот износ на задржување што Sponsor организацијата го наплатува во таков случај.

## 5. ОДБИВАЊЕ ОД СТРАНА НА SPONSOR

Доколку Sponsor организацијата ја одбие апликацијата на Учесникот поради: неисполнување на условите, недоволно познавање на англиски јазик, несоодветно интервју, лажни информации или неподобност за програмата — Агенцијата има право да ги задржи сите веќе реализирани трошоци. Останатите неискористени средства можат да бидат вратени.

## 6. ОДБИВАЊЕ ПОРАДИ ЛАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Доколку се утврди дека Учесникот приложил лажни документи, сокрил важни информации, дал невистинити податоци или фалсификувал документација — нема право на никаква рефундација.

## 7. ОТКАЖУВАЊЕ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧ

Доколку работодавачот ја повлече работната понуда пред заминување на Учесникот, Агенцијата и Sponsor организацијата ќе вложат разумни напори за обезбедување алтернативна работна понуда. Доколку тоа не биде можно, ќе се изврши пресметка на реално настанатите трошоци и евентуална рефундација на неискористениот дел од средствата.

## 8. ВИША СИЛА

Во случај на: пандемија, војна, затворање граници, природна катастрофа, промена на американска законска регулатива или прекин на програмата од страна на американски институции — Агенцијата не гарантира целосна рефундација. Се врши пресметка врз основа на реално направените и неповратни трошоци.

## 9. НАЧИН НА ИСПЛАТА НА РЕФУНДАЦИЈА

Секоја одобрена рефундација се исплаќа: на трансакциска сметка на Учесникот, во валутата во која е извршена уплатата, во рок од 30 работни дена од денот на одобрување на барањето.

## 10. ЗАВРШНА ИЗЈАВА

Со потпишување на овој Анекс Учесникот потврдува дека:

- ✓ ја прочитал Политиката за рефундација
- ✓ ги разбира условите за враќање на средства
- ✓ ги разбира неповратните трошоци
- ✓ доброволно ги прифаќа условите
- ✓ нема дополнителни забелешки или приговори

| ЗА АГЕНЦИЈАТА | ЗА УЧЕСНИКОТ |
|---|---|
| ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™ | |
| | (име, презиме и потпис) |
| Маргарита Бакев, Директор | Датум: |
| Датум: М.П. | |

## 11. ПРИЛОГ — ЗАДРЖАН ИЗНОС ОД SPONSOR ОРГАНИЗАЦИЈАТА ПРИ ВИЗНО ОДБИВАЊЕ

Овој Прилог се потпишува заедно со Договорот, пред уплата на Рата 1. Износот што го задржува Sponsor организацијата зависи од тоа преку која организација се реализира програмата на Учесникот.

- ✓ LifeTRAVELED — USD 500
- ✓ Spirit Cultural Exchange — USD 250
- ✓ CETUSA — USD 450

- ✓ J1 Abroad — USD 500
- ✓ American Work Adventures (AWA) — USD 500
- ✓ Hospitality Placements USA (HPUSA) — USD 2,100 (регистрациска такса USD 600 и 50% од програмската такса)

Sponsor организацијата преку која се реализира програмата на Учесникот: ____________

Задржан износ на Sponsor организацијата: USD ________ · Вкупен неповратен износ: USD ________

Потпис на Учесникот: ____________ Датум: ________

# АНЕКС В

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО ВО САД EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата. Со потпишување на овој Анекс, Учесникот потврдува дека ќе ги почитува сите правила наведени подолу.

## 1. ОПШТИ ПРАВИЛА

Учесникот е амбасадор на: EARN&GO USA, WiseHunters International, Sponsor организацијата и Република Северна Македонија. Учесникот е должен да се однесува професионално, одговорно и законски во текот на целото времетраење на програмата.

## 2. РАБОТНИ ОБВРСКИ

- ✓ редовно да доаѓа на работа
- ✓ да ги почитува работните распореди
- ✓ да ги почитува упатствата на претпоставените
- ✓ професионално да ги извршува работните задачи
- ✓ да ја чува доверливоста на работодавачот
- ✓ да се однесува со почит кон колеги и клиенти

## 3. НЕОПРАВДАНО ОТСУСТВО

Строго е забрането:

- ✗ неоправдано отсуство од работа
- ✗ напуштање на работното место без дозвола
- ✗ одбивање на работни задачи без оправдана причина
- ✗ повеќекратно доцнење

Учесникот е должен веднаш да го извести работодавачот доколку не може да се појави на работа поради болест или вонредна состојба.

## 4. ВТОРА РАБОТА

Учесникот има право да работи втора работа само доколку:

- ✓ тоа е дозволено од Sponsor организацијата
- ✓ не влијае врз обврските кон примарниот работодавач
- ✓ ги почитува сите правила на програмата

Учесникот е должен претходно да ја извести Sponsor организацијата за секоја дополнителна работна активност.

## 5. СМЕСТУВАЊЕ

- ✓ да го одржува сместувањето уредно
- ✓ да ги почитува куќните правила
- ✓ да ги почитува другите станари
- ✓ да ја плаќа киријата и другите обврски навремено
- ✓ да не предизвикува материјална штета

Секоја штета предизвикана од Учесникот паѓа на негов товар.

## 6. АЛКОХОЛ И НЕДОЗВОЛЕНИ СУПСТАНЦИ

Строго е забрането:

- ✗ користење наркотични средства

- ✗ поседување наркотични средства
- ✗ продажба или посредување при продажба на наркотични средства
- ✗ доаѓање на работа под дејство на алкохол или дрога
- ✗ консумирање алкохол на работно место

Секое прекршување може да резултира со: отказ од работа, прекин на програмата, губење на J-1 статусот, депортација и кривична одговорност.

## 7. НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Строго е забрането:

- ✗ физичко насилство
- ✗ вербално насилство
- ✗ закани
- ✗ сексуално вознемирување
- ✗ дискриминација врз основа на: пол, раса, националност, вера, сексуална ориентација или возраст

## 8. СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

- ✓ да не објавува невистинити информации за програмата
- ✓ да не објавува доверливи информации
- ✓ да не објавува содржини што можат да го нарушат угледот на работодавачот, Sponsor организацијата, EARN&GO USA и WiseHunters International

## 9. КОМУНИКАЦИЈА СО SPONSOR

- ✓ да одговара на барањата на Sponsor организацијата
- ✓ навремено да доставува информации
- ✓ да ја ажурира адресата на живеење
- ✓ да ги пријавува сите значајни промени

## 10. ПАТУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА ПРОГРАМАТА

- ✓ да ги почитува правилата на Sponsor организацијата
- ✓ да обезбеди присуство на работа согласно распоредот
- ✓ навремено да ги извести релевантните лица доколку патува подолг период

## 11. ПОЧИТУВАЊЕ НА АМЕРИКАНСКИТЕ ЗАКОНИ

Учесникот е должен да ги почитува сите федерални закони, државни закони и локални прописи. Секое прекршување е лична одговорност на Учесникот.

## 12. ПРИЈАВУВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

Учесникот е должен веднаш да пријави: проблем со работодавач, проблем со сместување, повреда, болест, несреќа, полициски инцидент, закана или дискриминација. Пријавувањето се врши до: Sponsor организацијата, EARN&GO USA и работодавачот (кога е применливо).

## 13. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Во случај на прекршување на овој Кодекс можат да бидат преземени следните мерки:

Ниво 1: Писмено предупредување Ниво 2: Пријавување до Sponsor организацијата Ниво 3: Прекин на програмата Ниво 4: Губење на J-1 статус Ниво 5: Откажување на понатамошна поддршка од EARN&GO USA

## 14. ФОТОГРАФИИ, ВИДЕО МАТЕРИЈАЛИ И ПРОМОТИВНИ СОДРЖИНИ

Учесникот е согласен дека за време на неговото учество во програмата може доброволно да доставува или да биде фотографиран и сниман за потребите на промоција на програмите на EARN&GO USA и WiseHunters International.

Со потпишување на овој Анекс, Учесникот дава согласност EARN&GO USA и WiseHunters International да можат да користат:

- ✓ фотографии
- ✓ видео материјали
- ✓ интервјуа
- ✓ писмени искуства (testimonials)
- ✓ содржини објавени од страна на Учесникот поврзани со програмата за маркетинг, информативни и промотивни цели на:
- ✓ веб страници
- ✓ социјални мрежи
- ✓ презентации
- ✓ брошури
- ✓ реклами
- ✓ медиумски настапи без дополнителен надомест. Учесникот има право во секое време писмено да побара неговите идни материјали да не се користат за промотивни цели. Повлекувањето на согласноста не влијае на материјалите објавени пред приемот на писменото барање.

## 15. ИЗЈАВА НА УЧЕСНИКОТ

Со потпишување на овој Анекс потврдувам дека:

- ✓ сум го прочитал Кодексот на однесување
- ✓ ги разбирам сите правила
- ✓ се согласувам да ги почитувам
- ✓ разбирам дека непочитувањето може да доведе до прекин на програмата
- ✓ доброволно ги прифаќам сите одредби

**ЗА АГЕНЦИЈАТА**

ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™

Маргарита Бакев, Директор

Датум: М.П.

**ЗА УЧЕСНИКОТ**

(име, презиме и потпис)

Датум:

# АНЕКС Г

СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСФЕР НА ПОДАТОЦИ EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата.

## 1. ПРЕДМЕТ НА СОГЛАСНОСТА

Со потпишување на овој Анекс, Учесникот дава изречна согласност неговите лични податоци да бидат собирани, обработувани, користени, складирани и пренесувани за потребите на реализацијата на програмата. Обработката на податоците се врши исклучиво за целите поврзани со: регистрација во програмата, аплицирање кај Sponsor организација, обезбедување работна понуда, визна постапка, осигурување, организација на патување, организација на сместување и исполнување законски обврски.

## 2. КОНТРОЛОР НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · WiseHunters International Адреса: ул. Петар Поп Арсов 14, Скопје Е-пошта: contact@wisehunters.mk Телефон: +389 76 226 655

## 3. КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, место на раѓање, државјанство, ЕМБГ, адреса на живеење, телефонски број, е-пошта. Идентификациски документи: пасош, лична карта, студентска легитимација. Образовни податоци: потврда за редовен студент, диплома, уверенија, сертификати. Професионални податоци: CV, работно искуство, препораки, сертификати. Програмски податоци: работна понуда, DS-2019, SEVIS информации, визни информации.

## 4. ПРИМАЧИ НА ПОДАТОЦИТЕ

Учесникот е согласен неговите податоци да бидат доставени до:

Американски Sponsor организации — вклучително, но не ограничено на: Spirit Exchange, CETUSA, J1 Abroad, LifeTRAVELED, HPUSA и други овластени Sponsor организации; Американски работодавачи — за целите на интервјуирање, селекција, вработување и сместување; Амбасада на САД — за потребите на визна постапка; Осигурителни компании — за потребите на здравствено осигурување; Државни институции — кога тоа е законски потребно.

## 5. МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСФЕР НА ПОДАТОЦИ

Учесникот е информиран и согласен дека неговите лични податоци може да бидат пренесени надвор од Република Северна Македонија, вклучително и во: Соединетите Американски Држави, земји во кои се наоѓаат Sponsor организациите и земји во кои се наоѓаат серверите на системите кои се користат за реализација на програмата. Учесникот е свесен дека прописите за заштита на лични податоци во овие земји може да се разликуваат од прописите во Република Северна Македонија.

## 6. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОБРАБОТКАТА

Личните податоци ќе се чуваат: за времетраење на програмата, за времетраење на законските обврски и за период неопходен за заштита на правните интереси на Агенцијата. По истекот на законските рокови, податоците ќе бидат избришани или анонимизирани согласно важечките прописи.

## 7. ПРАВА НА УЧЕСНИКОТ

- ✓ да побара пристап до своите податоци
- ✓ да побара исправка на неточни податоци
- ✓ да побара ограничување на обработката кога тоа е законски дозволено
- ✓ да поднесе приговор до надлежен орган
- ✓ да добие информација за начинот на обработка на податоците

## 8. ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТА

Учесникот може писмено да ја повлече оваа согласност. Доколку повлекувањето на согласноста го оневозможува спроведувањето на програмата, Агенцијата има право да го прекине процесот на аплицирање или учество во програмата. Повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката извршена пред денот на повлекување.

## 9. БЕЗБЕДНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

Агенцијата се обврзува да презема разумни организациски и технички мерки за заштита на личните податоци од: неовластен пристап, злоупотреба, губење, уништување и неовластено откривање.

## 10. ИЗЈАВА НА УЧЕСНИКОТ

- ✓ сум информиран за начинот на обработка на личните податоци
- ✓ доброволно давам согласност за обработка на личните податоци
- ✓ доброволно давам согласност за меѓународен трансфер на личните податоци
- ✓ сум запознаен со моите права
- ✓ ги прифаќам условите наведени во овој Анекс

| **ЗА АГЕНЦИЈАТА** | **ЗА УЧЕСНИКОТ** |
| --- | --- |
| ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™ | |
| | (име, презиме и потпис) |
| Маргарита Бакев, Директор | Датум: |
| Датум: М.П. | |

# АНЕКС Д

МЕДИЦИНСКА И ЗДРАВСТВЕНА ИЗЈАВА EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата.

## 1. ЦЕЛ НА ИЗЈАВАТА

Целта на оваа изјава е да се утврди дали Учесникот е способен безбедно да учествува во програмата, да патува самостојно, да живее во странство и да ги извршува работните обврски предвидени со работната позиција.

## 2. ИЗЈАВА НА УЧЕСНИКОТ

Јас,

со број на пасош

изјавувам под целосна материјална и кривична одговорност дека:

- ☐ **Немам здравствени ограничувања кои би ме спречиле да работам и живеам самостојно во Соединетите Американски Држави.**
- ☐ **Имам здравствена состојба која е наведена во оваа изјава.**

Доколку е означено второто поле, задолжително да се наведе:

## 3. ХРОНИЧНИ ЗАБОЛУВАЊА

Учесникот е должен да наведе дали има:

- ☐ **Дијабетес**
- ☐ **Астма**
- ☐ **Епилепсија**
- ☐ **Срцево заболување**
- ☐ **Хипертензија**
- ☐ **Тешки алергии**
- ☐ **Автоимуно заболување**
- ☐ **Друго**

Доколку одговорот е „Да“, задолжително да се наведе:

## 4. РЕДОВНА ТЕРАПИЈА

Дали користите редовна терапија? ☐ НЕ ☐ ДА

Назив на терапија:

Причина:

Дали терапијата ќе биде достапна за време на престојот во САД? ☐ ДА ☐ НЕ

## 5. ПСИХОЛОШКА И ПСИХИЈАТРИСКА СОСТОЈБА

Дали во последните 5 години сте биле третирани за:

- ☐ **Анксиозност**
- ☐ **Депресија**
- ☐ **Панични напади**

- ☐ **Психијатриско нарушување**
- ☐ **Зависност**
- ☐ **Друго**
- ☐ **Ништо од наведеното**

Доколку е потребно дополнително објаснување:

## 6. АЛЕРГИИ

Дали имате алергии? ☐ НЕ ☐ ДА

Доколку да, наведете:

## 7. ФИЗИЧКА СПОСОБНОСТ

Учесникот потврдува дека:

- ✓ е способен да работи во стоечка положба подолг временски период
- ✓ е способен да ги извршува работните задачи за кои аплицира
- ✓ е способен самостојно да патува
- ✓ е способен самостојно да живее во странство
- ✓ е способен да комуницира на англиски јазик во секојдневни ситуации

## 8. ИТНИ КОНТАКТИ

Лице за контакт во случај на итност:

Име и презиме:

Роднинска врска: Телефон:

Е-пошта:

## 9. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Учесникот потврдува дека: сите наведени информации се точни и целосни; нема свесно сокриено здравствена состојба; нема свесно сокриено психолошка или психијатриска состојба која може да влијае врз неговото учество во програмата. Доколку се утврди дека Учесникот сокрил важни здравствени информации, Агенцијата нема да сноси одговорност за евентуални последици што можат да настанат за време на програмата.

## 10. СОГЛАСНОСТ ЗА ИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОСТАПКИ

Во случај на итна медицинска состојба, Учесникот се согласува Sponsor организацијата, здравствените установи и надлежните институции да преземат неопходни мерки за заштита на неговото здравје и живот согласно важечките прописи.

## 11. ИЗЈАВА НА УЧЕСНИКОТ

- ✓ сум ги прочитал сите прашања
- ✓ сум дал точни и вистинити одговори
- ✓ не сум сокрил здравствени информации
- ✓ разбирам дека неточни информации можат да влијаат врз моето учество во програмата
- ✓ доброволно ја потпишувам оваа изјава

| **ЗА АГЕНЦИЈАТА** | **ЗА УЧЕСНИКОТ** |
|---|---|
| ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO | |

USA™

| | |
|---|---|
| Маргарита Бакев, Директор | (име, презиме и потпис) |
| Датум: М.П. | Датум: |

# АНЕКС Ѓ

ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА РИЗИК И ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата. Со потпишување на овој Анекс, Учесникот потврдува дека е целосно информиран за природата на програмата, можните ризици поврзани со патување, престој и работа во странство и доброволно ги прифаќа истите.

## 1. ДОБРОВОЛНО УЧЕСТВО

- ✓ доброволно аплицирал за програмата
- ✓ доброволно ја прифатил работната понуда
- ✓ доброволно патува во Соединетите Американски Држави
- ✓ е свесен за сите права и обврски кои произлегуваат од програмата
- ✓ самостојно ја донел одлуката за учество

## 2. РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ПАТУВАЊЕ

Учесникот разбира дека меѓународното патување носи ризици кои не можат целосно да се предвидат или контролираат. Овие ризици вклучуваат, но не се ограничени на: доцнење на летови, откажување на летови, губење на багаж, пропуштени конекции, временски непогоди, штрајкови, административни процедури на гранични служби, одлуки на авиокомпании и одлуки на имиграциски службеници.

## 3. РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТА

Учесникот разбира дека работата во САД може да вклучува: физички напор, работа во смени, работа за викенди и празници, работа во различни временски услови, работа со клиенти, стресни ситуации и сезонски флуктуации во бројот на работни часови. Учесникот прифаќа дека реалниот број на работни часови може да варира во зависност од потребите на работодавачот.

## 4. ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Учесникот потврдува дека разбира дека: заработката може да варира; бројот на работни часови не е гарантиран; бакшишот не е гарантиран; можноста за втора работа не е законско право и зависи од условите на програмата и пазарот на труд; личните трошоци може да бидат повисоки од очекуваните. Агенцијата не гарантира конкретен износ на заработка.

## 5. РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО СМЕСТУВАЊЕ

Учесникот разбира дека: условите за сместување ги утврдува работодавачот или давателот на сместување; може да биде сместен со повеќе лица; условите можат да се разликуваат од оние во матичната држава; цените на сместување можат да бидат променливи. Агенцијата не е сопственик, управител или давател на сместување.

## 6. ЗДРАВСТВЕНИ РИЗИЦИ

Учесникот разбира дека за време на програмата може да настанат: болест, повреда, несреќа, потреба од медицински третман или потреба од хоспитализација. Учесникот потврдува дека е запознаен со условите на осигурителното покритие и дека дел од трошоците можеби нема да бидат покриени од осигурувањето.

## 7. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Учесникот изјавува дека нема да бара надомест на штета од WiseHunters International, EARN&GO USA, нивните вработени, соработници или

претставници за настани кои не се под нивна директна контрола. Ова особено се однесува на:

визно одбивање; одлуки на Sponsor организација; одлуки на работодавач; отказ од работа; намалување на работни часови; намалување на заработка; повреди; болест; несреќи; губење на багаж; кражба; штета на личен имот;

проблеми со сместување; природни катастрофи; промени во законите или имиграциските правила.

## 8. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА АГЕНЦИЈАТА

Максималната евентуална одговорност на Агенцијата по било кој основ не може да биде поголема од реално платениот износ на програмската такса од страна на Учесникот. Агенцијата не одговара за: индиректна штета, изгубена заработка, изгубени можности, нематеријална штета и последователна штета.

## 9. ВИША СИЛА

Учесникот разбира дека Агенцијата нема одговорност за последици настанати поради: пандемија, епидемија, војна, терористички акт, природна катастрофа, државни ограничувања, затворање граници, прекин на програмата од страна на американски институции и промена на имиграциски правила.

## 10. ПОТВРДА НА УЧЕСНИКОТ

- ✓ сум ги прочитал сите одредби
- ✓ сум имал можност да поставам прашања
- ✓ ги разбирам ризиците поврзани со програмата
- ✓ доброволно ги прифаќам ризиците
- ✓ доброволно го ослободувам WiseHunters International и EARN&GO USA од одговорност во рамките утврдени со овој Анекс
- ✓ доброволно ја потпишувам оваа изјава

| **ЗА АГЕНЦИЈАТА** | **ЗА УЧЕСНИКОТ** |
|---|---|
| ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™ | |
| | (име, презиме и потпис) |
| Маргарита Бакев, Директор | Датум: |
| Датум: М.П. | |

# АНЕКС Е

PRE-DEPARTURE CHECKLIST И ЗАВРШНА ИЗЈАВА НА УЧЕСНИКОТ EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Се потпишува по завршување на апликацискиот процес, а пред заминување во САД. ДЕЛ I — Потврда за добиени документи

Со потпис на овој Анекс потврдувам дека ги имам добиено следните документи:

ДОКУМЕНТ ДА НЕ

Работна понуда (Job Offer) ☐ ☐DS-2019 документ
☐ ☐Информации за работодавач ☐ ☐Информации за сместување
☐ ☐Контакти на Sponsor организација ☐ ☐Контакти за итни случаи
☐ ☐Информации за здравствено осигурување ☐ ☐Упатства за пристигнување
☐ ☐Информации за SEVIS регистрација ☐ ☐Упатства за Social Security Number (SSN)
☐ ☐eSIM за САД и упатство за активација ☐ ☐

ДЕЛ II — Потврда за информираност

Работно место:

- ☐**Назив на позицијата**
- ☐**Работни задачи**
- ☐**Работно време**
- ☐**Почетна сатница**
- ☐**Политика за прекувремена работа**
- ☐**Политика за бакшиш (доколку е применливо)**

Сместување:

- ☐**Локација на сместување**
- ☐**Цена на сместување**
- ☐**Начин на плаќање**
- ☐**Број на лица во сместувањето**
- ☐**Правила на сместувањето**

Патување:

- ☐**Датум на заминување**
- ☐**Летови**
- ☐**Аеродром на пристигнување**
- ☐**Организиран трансфер (ако е обезбеден)**

ДЕЛ III — Финансиска потврда

Потврдувам дека сум информиран дека:

- ✓ бројот на работни часови може да варира
- ✓ заработката не е гарантирана
- ✓ бакшишот не е гарантиран
- ✓ личните трошоци зависат од моите навики
- ✓ можноста за втора работа зависи од условите на програмата и Sponsor организацијата
- ✓ сум обезбедил доволно финансиски средства за почетниот период во САД

ДЕЛ IV — Потврда за J-1 правила

Потврдувам дека сум запознаен со следните правила:

- ✓ морам да ја активирам програмата по пристигнување
- ✓ морам да се регистрирам кај Sponsor организацијата
- ✓ морам да ја ажурирам адресата на живеење
- ✓ морам да ги почитувам правилата на работодавачот

- ✓ морам да ги почитувам американските закони
- ✓ морам да го одржувам мојот J-1 статус
- ✓ морам навремено да пријавам проблеми или промени

ДЕЛ V — Потврда за здравствено осигурување

- ✓ сум добил информации за здравственото осигурување
- ✓ ги разбирам условите на осигурувањето
- ✓ знам како да контактирам со осигурителната компанија
- ✓ знам како да постапам во случај на медицинска итност

ДЕЛ VI — Контакти во случај на итност EARN&GO USA: Телефон: +389 76 226 655 Е-пошта: contact@wisehunters.mk

SPONSOR ORGANIZATION — Назив:

Телефон: Е-пошта:

HOST EMPLOYER — Назив:

Телефон: Е-пошта:

ДЕЛ VII — Завршна изјава

Јас, изјавувам дека:

- ✓ ги имам добиено сите релевантни информации за програмата
- ✓ ги имам добиено сите релевантни документи
- ✓ ги разбирам условите на работната понуда
- ✓ ги разбирам условите на сместувањето
- ✓ ги разбирам финансиските услови
- ✓ ги разбирам правилата на Sponsor организацијата
- ✓ ги разбирам правилата на J-1 програмата
- ✓ ги разбирам моите права и обврски
- ✓ немам дополнителни прашања или неразјаснети информации
- ✓ доброволно заминувам на програмата
- ✓ сите информации ми се објаснети од страна на EARN&GO USA и WiseHunters International

КОНЕЧНА ПОТВРДА: Со потпис на овој Анекс потврдувам дека сум целосно подготвен за учество во програмата EARN&GO USA – Summer Work & Travel и дека доброволно ги прифаќам сите услови поврзани со моето учество.

**ЗА АГЕНЦИЈАТА**

ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™

Маргарита Бакев, Директор

Датум: М.П.

**ЗА УЧЕСНИКОТ**

(име, презиме и потпис)

Датум:

# АНЕКС Ж

ПОТВРДА ЗА РАЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (PROGRAM ACKNOWLEDGEMENT & PARTICIPANT DECLARATION) EARN&GO USA – SUMMER WORK & TRAVEL · Овој Анекс е составен и неразделен дел од Договорот за учество во програмата.

## 1. ПОТВРДА ЗА ИНФОРМИРАНОСТ

Со потпишување на овој Анекс потврдувам дека сум целосно информиран за природата на програмата Summer Work & Travel USA. Разбирам дека програмата претставува програма за културна размена и привремено работно искуство во Соединетите Американски Држави.

## 2. РАЗБИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА

Потврдувам дека разбирам и прифаќам дека:

- ✓ EARN&GO USA не гарантира одобрување на J-1 виза
- ✓ конечната одлука за визата ја носи исклучиво Амбасадата на САД
- ✓ EARN&GO USA не гарантира конкретен износ на заработка
- ✓ бројот на работни часови може да варира
- ✓ можноста за бакшиш зависи од работната позиција и клиентите
- ✓ конкретната локација и работодавачот се потврдуваат дури по официјален пласман
- ✓ датумите на програмата зависат од DS-2019 и академскиот календар
- ✓ можноста за втора работа не е гарантирана
- ✓ втора работа е дозволена само согласно правилата на Sponsor организацијата
- ✓ EARN&GO USA не гарантира Green Card
- ✓ EARN&GO USA не гарантира H-1B виза
- ✓ EARN&GO USA не гарантира трајно вработување во САД
- ✓ EARN&GO USA не гарантира можност за останување во САД по завршување на програмата

## 3. СМЕСТУВАЊЕ

Потврдувам дека разбирам дека:

- ✓ сместувањето може да биде споделено со повеќе лица
- ✓ условите за сместување може да се разликуваат од условите во Северна Македонија
- ✓ цената на сместувањето може да варира по локација
- ✓ EARN&GO USA не е сопственик или управител на сместувањето
- ✓ условите за сместување ги определува работодавачот или давателот на сместување

## 4. ЛИЧНА ОДГОВОРНОСТ

Потврдувам дека:

- ✓ лично сум одговорен за почитување на американските закони
- ✓ лично сум одговорен за почитување на правилата на Sponsor организацијата
- ✓ лично сум одговорен за одржување на мојот J-1 статус
- ✓ лично сум одговорен за моите финансиски обврски
- ✓ лично сум одговорен за моето однесување за време на програмата

## 5. КОНЕЧНА ИЗЈАВА

Со потпис на овој Анекс потврдувам дека:

- ✓ сум имал можност да поставам прашања
- ✓ сум ги добил сите потребни информации

- ✓ ги разбирам ризиците и придобивките од програмата
- ✓ доброволно одлучувам да учествувам во програмата
- ✓ немам дополнителни неразјаснети прашања поврзани со програмата

**ЗА АГЕНЦИЈАТА**

ВАИС ХУНТЕРС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје · EARN&GO USA™

Маргарита Бакев, Директор

Датум: М.П.

**ЗА УЧЕСНИКОТ**

(име, презиме и потпис)

Датум: